Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), како и врз основа на член 25 став 2 и став 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17) министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по ***граѓанско образование*** за VIII одделение за деветгодишното основно образование.

НАСТАВНА
ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, јуни 2018

# 1. ВОВЕД

Во наставниот план за деветгодишното основно образование, наставниот предмет *граѓанско образование* се изучува во третиот развоен период со статус на задолжителен предмет во VIII и IX одделение со по еден час неделно, односно 36 часа годишно.

Со оглед на тоа што наставниот предмет *граѓанско образование* се изучува во последниот период на основното образование, во наставните програми се дадени развојни цели за периодот, врз основа на коишто се конкретизираат целите и содржините во секое одделение.

Наставната програма по *граѓанско образование* е изготвена со јасно определени резултати од учење. Граѓанското образование во Република Македонија се насочува кон развој на компетенциите коишто се однесуваат на сè она што се очекува да знаат учениците, да разбираат или умеат да прават и да прифаќаат систем на вредности потребни за функционирање како демократски и активни граѓани. Изучувањето на граѓанското образование ќе придонесе учениците да се ангажираат за развој на заедницата и да бидат компетентни личности способни да вршат избори за сопствениот развој во современото општество.

Новите наставни програми по предметот *граѓанско образование* ги одразуваат промените во приодите во изучувањето на граѓанското образование во Европа и светот. Тие се насочени кон оспособување на учениците за активно учество во животот на училиштето и развивање на интерес и компетентност за вклучување во процесите на носење одлуки за заедницата. Методите што ќе се користат во наставата по граѓанско образование треба да придонесуваат за развојот на личноста и темелните човекови вредности, индивидуалната слобода, интегритетот, достоинството и еднаквите права и за создавање услови за јакнење на чувството на праведност, толеранција и одговорност, како и за подготовка на учениците за одговорен живот во демократско граѓанско општество.

Со наставната програма се предвидени можности за индивидуализирана и групна работа на учениците која придонесува за самостојно и критичко размислување и примена на усвоените знаења, разбирања, вештини, ставови, интереси, вредности и граѓанско однесување во активностите на повеќе прашања од областа на граѓанското образование. Природата на наставниот предмет налага почитување на принципите на современата интерактивна настава, добро осмилена групна работа на учениците во наставата за да се поддржува инвентивноста на секој ученик при разработката на содржините и истражувачките активности со постојано следење на постигањата на секој ученик од страна на наставникот.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД (VIII–IX)

**Ученикот/ученичката:**

- да ги познава и да ги дефинира основните поими што се однесуваат на граѓанското општество,
- да ги почитува човековото достоинство и човековите права како вредности засновани на генералното верување дека секој човек е подеднакво важен, вреден за почит и му припаѓаат истите права и слободи,
- да ги цени демократијата, праведноста, правдата, еднаквоста и законитоста како принципи врз кои функционираат современите општества,
- да ги почитува културната различност и разновидност, плурализмот на погледи и разлики во однесувањето,
- да развива отвореност и сензитивност кон културните разлики, верувањата, погледите на светот и однесувањето на другите,
- да развива граѓанска свест, чувство на припадност кон заедницата, свесност за другите луѓе во заедницата и за влијанието на сопствените постапки врз тие луѓе, солидарност и чувство на граѓанска одговорност кон заедницата,
- да покажува одговорност за сопствените постапки и одлуки преку морално постапување, свесно дејствување и одговорност за последиците од постапките,
- да верува во сопствените способности за преземање акција во постигнување определени цели,
- да развива вештини за аналитичко и критичко мислење, односно на систематски и логичен начин да анализира, вреднува и да донесува судови врз основа на аргументи,
- да покажува емпатија кон другите за да ги разбере мислењата, верувањата и чувствата на другите луѓе и да го види светот од нивна перспектива.
- да ја осознава соработката од општ и јавен интерес во граѓанското општество, вклучувајќи живеење во здрава животна средина и одржлив развој,
- да соработува со другите во заеднички активности, задачи и настани и да ги поттикнува на соработка за постигнување на заеднички цели,
- да ги решава конфликтите на мирен начин преку насочување на страните на конфликтот кон оптимални и конструктивни решенија што се прифатливи за сите,
- да се стреми кон себепознавање и себеразбирање, кое вклучува знаење и критичко разбирање на сопствените мисли, верувања, чувства и мотиви, како и во контекст на сопствената културна припадност и пошироката општествена перспектива,
- да практикува конструктивна и ефективна комуникација и интеракција со другите,

- да гради знаење за светот и разбирање на светот во различни области, вклучувајќи: економија, религија, медиуми, историја, култура, човекови права, политика, право,
- да демонстрира демократски средства за партиципација на сите нивоа и да земе активно учество како поединец, член на групи или како дел од општеството,
- да препознава европска и меѓународна перспектива од различни аспекти,
- да ги осознава заедничките европски вредности и придобивки од интеграциите во меѓународни организации и Европската Унија.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VIII ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да го осознае градењето на сопствениот идентитетот и критички да се однесува кон различните влијанија врз формирањето на нечии мислења,
- да ги прифаќа вредностите на демократското општество и својата улога во граѓанското општество,
- да има чувство на припадност кон заедницата и да ги знае придобивките на живеењето во мултиклтурно општество,
- да ги препознава вредностите на демократското општество и да ја нагласува потребата од поврзување на човековите права со одговорностите,
- да ги осознае и да ги прифаќа различностите во демократското општество и потребата од меѓусебна толеранција,
- да ја препознава важноста на одржливиот развој и да ја нагласува потребата од активно учество во заштитата на животната средина,
- да го препознава значењето и влијанието на медиумите во развојот на демократското општество,
- да ја сфаќа улогата на религијата во демократското општество и потребата од верска толеранција во мултикултурното општество,
- да го истакнува значењето на културата и уметноста во секојдневниот живот и во развојот на граѓанското општество,
- да го разбира државното уредување и потребата за активно учество на граѓанинот во демократската држава,
- да опишува како се стекнува легитимна власт во функција на граѓаните во општеството,
- да ја разбере улогата на меѓународните организации во современиот свет и процесот на глобализација,
- да ја разбере потребата и да ги нагласува придобивките од учеството на Македонија во меѓународните организации.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема I: Претстава за себе како граѓанин – 4 часа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>– да го разбира поимот идентитет, како се формира идентитетот и да препознава идентитетски карактеристики, | Личен идентитет, групен идентитет. | Идентитет (личен идентитет, групен идентитет). | Конструирање на мисловни мапи на тема: *Идентитет (кој сум јас)*.<br><br>Кој и како влијае(л) врз мојот идентитет.<br><br>Дебата на тема: *Идентитет и фактори што влијаат врз идентитетот*, *изразување на идентитетот*.<br><br>Игра на улоги/симулации: *Да ви се претставам*. | **Ученикот/ученичката е способен/способна:**<br>– да наброи видови идентитети и да објасни дека врз градењето на идентитетот влијаат заемно поврзани фактори од секојдневниот живот (на пример: искуството, семејството, културата на живеење и разни социјални групи, модели),<br>– критички да анализира различни влијанија врз формирањето на нечии мислења, однесување, облекување и слично,<br>– да дискутира слободно за својот идентитет, |
| – да ги препознава и да ги вреднува сопствените карактеристики,<br>– да ги поврзува сопствените карактеристики со успесите и тешкотиите со кои се соочува во одредени ситуации; да објасни во што се сличностите и разликите со другите и да го поврзе сопственото однесување со | Лични и групни карактеристики. | Сличности, различности, карактеристики. | Набројување лични особини според гледиштето на секој ученик.<br><br>Венов дијаграм.<br><br>Истражување/анкета за припадноста на различни групи, за карактеристики што ги ценат учениците. | – да препознава сличности и разлики што ги има со поединци или групи на кои им припаѓа,<br>– во конкретни ситуации да ги анализира и да ги вреднува сопствените особини,<br>– да ги објасни и да ги поврзе сопствените особини со однесувањето во различен граѓански контекст. |

| Тема I: Претстава за себе како граѓанин – 4 часа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| однесувањето на поединци и групи. | | | | |

| Тема II: Соработка и поврзаност во граѓанското општество – 6 часа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>– да ги разбира сличностите и разликите помеѓу луѓето во општеството и да ги почитува културните и другите вредности, | Сличности и разлики меѓу луѓето во граѓанското општество. | Прифаќање, почитување, различности. | Играње улоги.<br><br>Работа во групи.<br><br>Техники: *Венов дијаграм, грозд, призма*.<br><br>Индивидуална работа – работен лист „Релации“. | **Ученикот/ученичката е способен/способна да:**<br>– опишува разлики и да препознава културни вредности што се важни за соработка,<br>– препознава придобивки од почитувањето на различностите, |
| - да ги разбира односите на членовите во заедницата и да ги разбира придобивките од живеењето во зедницата,<br>- да ги разбере придобивките од вклучување и придонесување за подобрување на заедницата, | Припадност кон заедницата. | Заедница, односи, поединци, волонтеризам. | Индивидуална работа.<br><br>Обработува случка во која се зборува за придонесот кон заедницата. | – препознава поврзувачки елементи за животот на заедницата,<br>– ги анализира односите на членовите во заедницата и нивните придонеси во неа,<br>– препознава и да планира активности што придонесуват да се подобрат односите во заедницата,<br>– препознава активности што може да ги направи за да ја подобри заедницата, |

| Тема II: Соработка и поврзаност во граѓанското општество – 6 часа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| – да знае дека секој може да има различен став и гледеште и тоа треба да се почитува,<br>– да ги разбира соживотот и заедништвото во заедницата (општеството),<br>- да ги препознава културните разлики како вредности и да знае дека тие се вредности на мултикултуро општество. | Соработка и поврзаност во заедницата. | Толеранција, соживот, заедништво, мултикултура. | Работа во парови.<br><br>Дискусија на тема: *Културни различности*. | – толерира различни гледишта и ги објаснува и ги брани своите ставови,<br>– прави разлика меѓу соживот и заедништво во заедницата (општесвото),<br>– образложува дека почитувањето на различните култури е неопходно за меѓукултурна интеракција,<br>– набројува културни разлики што се битни да се почитуваат во мултикултурна средина,<br>– дава примери на активности што ги зајакнуваат односите на мултикултурната средина,<br>– учествува во активности што ги зајакнуваат односите меѓу различните култури. |

| Тема III: Граѓанинот и општеството – 10 часа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>– да ги објасни различните улоги и однесувања на граѓаните во општеството,<br>– да ги анализира вредностите на | Улогата на граѓанинот во општеството. | Вредност. | Дебата на тема: *Вредностите на демократското општество*.<br><br>Изготвува Т-табела: | **Ученикот/ученичката е способен/способна да:**<br>– опишува улоги и однесувања и аргументирано да дискутира за различни улоги |

| Тема III: Граѓанинот и општеството – 10 часа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| демократското општество и својата улога во него, | | | *Поврзување на улогите на граѓанинот во општеството и однесувањето на граѓаните во конкретни примери.*<br><br>Дискусија за учеството на децата во различни активности (се користи скалата на Роџер Харт). | и однесувања на граѓаните во секојдневниот живот,<br>– ги препознава вредностите на демократското општество во конкретни ситуации и се залага за нивно почитување во својата средина,<br>– дава идеи за иницирање активности за подобрување на животот во заедницата (еколошки и хуманитарни активности, граѓански иницијативи), |
| – да ги објасни појавата и влијанието на различните фактори врз развојот на човековите права,<br>– да проценува како човековите права го унапредуваат демократското општество и да се залага за нивно унапредување, | Развој на човековите права. | Декларација, конвенција, права. | Анализира документи и текстови во кои се опишува развојот на човековите права. (Универзална декларација, Конвенција за заштита на правата на децата).<br><br>Дискусија на тема: *На кој начин човековите права се заштитуваат, унапредуваат и се развиваат*. | – го опише развојот на човековите права,<br>– критички да анализира и да дискутира за примери за прекршување на човековите права,<br>– наведува позитивни конкретни примери во кои се заштитени човековите права, |

| Тема III: Граѓанинот и општеството – 10 часа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| – да разликува видови човекови права (граѓански, политички, економско-социјални, културни, еколошки...),<br>– да ги анализира граѓанските права и одговорностите во општеството, | Видови права и одговорности. | Одговорности, граѓански, политички, економско-социјални, културни, еколошки права. | Изработка на концептуална мапа во која правата се поврзуваат со одговорностите.<br><br>Учениците играат улоги: *права и одговорности*.<br><br>Изработка на постери со пораки за одржливиот развој и за заштита на животната средина.<br><br>Обработка на случка во која се зборува за заштита на човековата средина.<br><br>Истражување и идентификување на проблем од својата средина и изнаоѓање решение. | – ги препознае правата и одговорностите на граѓаните во граѓанското општество,<br>– препознава и да дискутира за случаи на повреди на човековите права и граѓанската неодговорност,<br>– дава лични примери за почитување на правата во својата средина во конкретни ситуации, |
| – да ги знае правата на децата и да ја објасни потребата од заштита на детските права, | Правата на детето. | Народен правобранител (Омбудсман), специфични права на децата. | Изработка на постер со правата на детето.<br><br>Анализа на Конвенцијата за правата на децата и изработка на ранг-листа на права на детето | – набројува определени детски права од Конвенцијата,<br>– ги поврзува правата на децата во училиштето и во домот со нивните одговорности, |

| Тема III: Граѓанинот и општеството – 10 часа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| | | | според индивидуалните видувања на учениците.<br><br>Посета на канцеларијата на Народниот правобранител. | – наведува примери на прекршување на правата на децата,<br>– предлага активности во органите на ученичката заедница за заштита на правата на децата, |
| – го објаснува значењето на поимите дискриминација, стереотипи и предрасуди,<br>– се поттикнува да придонесува за сузбивање на дискриминација, стереотипи и предрасуди. | Дискриминација, стереотипи и предрасуди. | Дискриминација, стереотипи, предрасуди. | Игра на улоги во општеството на маргинализирани групи и поединци што се изложени на дискриминација. | – препознава дискриминација, стереотипи и предрасуди преку конкретни случаи (медиуми, говори, текстови, учебници итн.),<br>– реагира со осуда во конкретни ситуации во кои некој е изложен на дискриминација. |

| Тема IV: Религијата, уметноста и медиумите во граѓанското општество – 6 часа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>– да ја објасни улогата на религијата и верските заедници во граѓанското општество,<br>– да направи разлика меѓу припадниците на различни религиски заедници и нивните верски специфики, | Религијата во општеството. | Религија,<br>верски заедници. | Изработка на проектни активности и посети на верски објекти.<br><br>Дебата за религијата во секојдневниот живот (сличности, разлики, прифаќање, стереотипи итн.). | **Ученикот/ученичката е способен/способна да:**<br><br>– ги знае спецификите на различните религиски заедници од своето опкружување,<br>– комуницира со припадници на различни религии,<br>– активно учествува на дебати поврзани со улогата на |

| Тема IV: Религијата, уметноста и медиумите во граѓанското општество – 6 часа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| | | | | религијата во современите општества,<br>– демонстрира примери на прифаќање на религиски другиот, |
| – да ја објасни улогата на уметноста, уметникот и влијанието на уметничките дела во градењето на граѓанското општество,<br>– да прави разлика меѓу шунд/кич и уметност, | Уметноста во граѓанското општество. | Уметност,<br>шунд,<br>кич. | Работа во групи, истражување на тема шунд/кич и уметност.<br><br>Анализа на уметничко дело од аспект на нивното влијание врз развојот на граѓанското општество (песна, слика, градба, споменик). | – ја презентира улогата на уметноста во граѓанското општество преку конкретни примери,<br>– го истражува односот на граѓаните кон уметноста во граѓанското општество преку изработка на проект,<br>– препознава шунд/кич во конкретни уметнички дела, |
| – да ја објасни улогата на медиумите во креирање на јавното мислење во општеството,<br>– да прави споредба помеѓу различните видови медиуми од аспект на начинот на информирање. | Медиумите во демократското општество. | Медиуми,<br>мас-медиуми,<br>медиумски содржини (лажни и вистински),<br>демант,<br>факт. | Работа во групи.<br><br>Дебата (за позитивните и негативните улоги на новите медиуми).<br><br>Анализа на медиуми.<br><br>Индивидуална работа.<br><br>Играње улоги – социодрама. | – ја препознава улогата на медиумите во креирањето на јавното мислење низ конкретни примери,<br>– анализира можности за примена на современите медиуми во својата средина (училиштен весник, училишно радио, интернет-портал, блог, видео блог – влог) во насока на унапредување на граѓанските вредности. |

| Тема V: Граѓанинот и државата – 6 часа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>– да прави разлика меѓу држава и општество,<br>– да споредува различни видови државни уредувања,<br>– да ја објасни потребата од активно учество на граѓаните во општеството, наспроти пасивното набљудување на процесите и настаните, | Општествено и државно уредување (видови државно уредување). | Државно уредување, граѓанско општество. | Венов дијаграм за поимите држава и општество.<br><br>Анализа на текст.<br><br>Есеј: *Активното учество на граѓанинот го прави движечка сила во општеството*. | **Ученикот/ученичката е способен/способна да:**<br>– ги дефинира поимите држава и општество,<br>– ги истакнува основните карактеристики на граѓанското општество,<br>– препознава различни видови државни уредувања,<br>– предлага конкретни идеи и активности како граѓанинот да го унапреди општеството, |
| – да објасни што претставува власта,<br>– да опише како се стекнува легитимната власт во демократска држава, | Власта во функција на граѓаните. | Власт,<br>моќ,<br>легитимна власт. | Игра на улоги со текстови подготвени од наставникот.<br><br>Симулација на избори.<br><br>Насочена (структурирана) дискусија. | – дискутира за извори на моќ во општеството и начини на заштита на интересите на сите жители,<br>– промовира демократски начин на владеење преку легитимно избрана власт,<br>– реагира на различни видови злоупотреба на моќта (на пример: ученик, наставник, стручен соработник), |
| – да објасни како е организирана власта во РМ,<br>– да ги поврзува функциите на власта предвидени во | Како е организирана власта во РМ. | Устав,<br>Собрание,<br>Влада,<br>председател,<br>суд, | Истражување во три групи за поделбата на власта според Уставот на РМ и презентација на | – го користи Уставот на РМ за да ја анализира поделбата на власта на извршна, законодавна и судска власт |

| **Тема V: Граѓанинот и државата – 6 часа** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| Уставот на РМ со надлежните институции. | | Народен правобранител, единица на локална самоуправа (општина). | резултатите од истражувањето.<br>Квиз: *Како е организирана власта во РМ*.<br><br>Организирана посета по избор на учениците и наставникот (Собрание, Влада, претседател на РМ, суд). | од аспект на ограничување на моќта,<br>– го поврзува дејствувањето на Народниот правобранител со функционирањето на институциите согласно Уставот и законите. |

| **Тема VI: Граѓанинот и светот – 4 часа** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>– да ја објасни улогата на меѓународните организации и нивното функционирање,<br>– да ги анализира придобивките од учеството на државите во меѓународните организации,<br>– да истражува за улогата на меѓународните организации во однос на правата на детето, | Меѓународни организации. | Меѓународна заедница,<br>глобализација,<br>ООН,<br>УНИЦЕФ,<br>ОБСЕ,<br>НАТО,<br>Црвен крст и Црвена полумесечина. | Дискусија на тема преку техника *бура на идеи*, меѓународни светски организации.<br><br>Работа во групи (се формираат 4 групи со најмалку 4 ученици; на секоја група им се дава материјали за работа; потоа се формираат нови групи во кои ќе има по еден од секоја од претходните групи и ќе има улога на експерт за материјалот што го | **Ученикот/ученичката е способен/способна да:**<br>– ги препознава придбивките од учеството во меѓународните организации во однос на човековите права, мирот и развојот на демократските вредности во светот,<br>– наведува конкретни примери или активности со кои би се заштитиле правата на детето со меѓународните документи, |

| Тема VI: Граѓанинот и светот – 4 часа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** | **Резултати од учењето** |
| | | | работел во претходната група).<br><br>Есејско прашање:<br>*Предизвици и придобивки за граѓаните од работата на меѓународните организации*. | |
| – да ја објасни важноста од учеството на РМ во меѓународните организации (на пример ООН, ОБСЕ, НАТО, Црвен крст и Црвена полумесечина и др.),<br>– да ги препознава конкретните придобивки за училиштето и ученикот од активностите иницирани или поддржани од страна на меѓународните организации. | Република Македонија и меѓународните организации. | Повелба на ООН, Партнерство за мир, Меѓународен суд на правдата. | Техника *грозд*<br><br>Работа со групи, истражување на обврските и придобивките на РМ од учеството и членувањето во меѓународните организации.<br><br>Дебата на тема:<br>*Зашто **за** или зошто **против** учеството на РМ во меѓународните организации*.<br><br>Есејско прашање:<br>*Придобивките за мојата заедница од учеството на РМ во меѓународните организации.* | – наведува конкретни придобивки од дејствувањето на меѓународните организации во Република Македонија,<br>– набројува примери од учеството и придонесот на РМ во мировните мисии организирани од меѓународните организации,<br>– ги посочува придобивките на заедницата или училиштето од спроведените активности што се иницирани или поддржани од меѓународните организации. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставната програма е обликувана согласно со развојните карактеристики на учениците во VIII одделение на деветгодишното основно образование. Содржи дидактички елементи коишто се карактеристични за наставата на современото основно училиште и одмерено на психофизичките способности на ученикот. Наставниот материјал е логички систематизиран врз основа на базичната наука со својата теорија, истражувачките методи и логиката на заклучување.

Наставниците по граѓанско образование своите планирања и подготовки за наставата треба да ги развиваат врз основа на целите и очекуваните резултати по наставни теми и содржини со соодветен избор на методи и активности во наставниот процес. Планирањето опфаќа задачи што треба да се извршат во одредено време за остварување на поставените цели и очекуваните резултати, но и начините за контрола и проценка на постигнатите резултати. Со планирањето се избегнува стихијноста во воспитно-образовниот процес, а пак појдовната точка за изготвување на планирањето е рефлексијата, што значи дека планирањето како систем на работа постојано треба да се унапредува.

Наставната програма за VIII одделение нуди шест развојни наставни теми што се изучуваат и во IX одделение, за кои се препорачува да се организира современа интерактивна настава.

Поради специфичноста на наставниот предмет и неговата поврзаност со секојдневниот живот на учениците во наставата треба да води грижа за усогласеноста на програмските содржини и залагањата за демократското граѓанско општество со методите што се користат и општата клима на часот (одговорност, соработка, почитување, демократичност и сл.). Всушност, неопходно е учениците да се оспособуваат да го применуваат знаењето, да изградат свои ставови, интереси и размислувања што ќе придонесат да бидат активни, да го збогатат своето ученичко учество и потоа да го унапредат граѓанското општество како возрасни граѓани, а тоа најуспешно се постигнува преку лично искуство.

Наставната програма по граѓанско образование може успешно да се реализира во училишната настава со примена на методи и активности за поттикнување на продлабочено учење со разбирање и расудување, кооперативност, работа во групи, како и со самостојно истражување и откривање на знаењето. Наставниците по граѓанско образование треба да придонесат за создавање демократска училишна клима, низ истражувачките активности, проектни работилници, учениците да го изнесуваат своето мислење, да прифаќаат вредности, да се воспитуваат во духот на соработката, хуманоста, емпатијата, ненасилната комуникација, недискриминацијата и почитувањето на различностите.

Наставата по граѓанско образование редовно се планира, организира и се остварува со предвидениот фонд на часови што е утврден со наставниот план. Учениците во наставата се оценуваат со бројчена оценка која има влијание на општиот успех.

**Препораки за користење на годишниот фонд на часови (ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и содржини).**

Препораките за годишниот фонд на часовите се дадени како ориентација, заедно со конкретните цели, очекуваните резултати и темите/содржините, што, секако, не треба да го ограничува нивното прераспределување, според потребите при реализацијата. Поинаквото користење на часовите треба да го проценува предметниот наставник според достигањата на неговите ученици, т.е. според промените во квалитетот на знаењата и способностите што тие ги постигнуваат.

***Се* препорачува *користење на следниве наставни средства:***

– учебник за предметот, одобрен од страна на министерот;
– други извори на учење во непосредната околина, посета на специјализирани институции и соработка со стручни лица;
– енциклопедии, речници, списанија, дневен печат, законски акти, меѓународни документи;
– интернет, популарни илустрирани образовни софтвери и дигитални содржини;
– аудиовизуелни средства и други средства соодветни на предметот.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и се вреднуваат постигањата на учениците. Се прибираат показатели за постигнувањето на поставените цели преку мерењето на очекуваните резултати. Покрај тоа се следат активностите за учење, градењето на свои ставови и размислувања за одредени прашања од наставниот материјал, мотивираноста за учење, соработката со другите, ангажманот на учениците во заедницата. За сето тоа учениците добиваат повратни информации и насоки за подобрување на нивната работа и постигања. Се користат различни методи и техники за формативното и сумативното оценување.

Учениците треба однапред да се информирани за критериумите за сумативните бројчени оценки. Во нив не треба да се содржат ставови на учениците за определени општествени прашања.

Редовно се врши информирање на секој ученик, како и на родителите за постигањата на ученикот. Оценувањето е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.2.2008 година.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по наставниот предмет *граѓанско образование* ја изведува наставник со завршени студии по социологија, студии по историја или студии по филозофија.

## 9. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: **1.9.2018 година**.

## 10. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***граѓанско образование*** за VIII одделение на деветгодишното основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди министерот за образование и наука.

**Арх. Бр. 12-8342/2** **МИНИСТЕР**

**18.07.2018 година** **Dr. Arber Ademi**

Изготвил: Работна група со решение бр. 02-56/1 од 25.4.2018
Координатор: м-р Оливер Станојоски
Контролирал: Трајче Ѓорѓијевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор